# За животот и смртта

Библијата содржи порака со надеж за нас – дека можеме да живееме вечно.

Животот потекнува од Бога; ништо не може да живее ако Бог не му вдахне живот. Бог е вечен и им овозможува вечен живот на оние мажи и жени кои ќе ја прифатат Неговата понуда.

Библијата е Неговиот збор - да видиме како таа нè води од создавањето во вечен живот за следбениците на Исус. И зошто таа посветеност кон Исус е од суштинска важност.

Бог го создал првиот човек, Адам, и му дал живот. Станува збор за процес од два чекора. Прво, Бог „го создал“ Адам. Потоа, Бог му дал живот. Ова го читаме во Битие 2:7:
*„Господ, Бог, го обликува човекот од земниот прав и му дувна здив на живот во носалките. Така човекот стана жива душа“.*

Бог го создал човекот од прав. Но, Адам не бил жив сè додека Бог не му вдахнал здив на живот. Важно е да го разбереме потеклото на човекот, бидејќи треба да разбереме што е човекот, што е живот и што е смрт. Во Битие 3:19, Бог јасно кажува што е човекот:
*„Со пот на своето лице ќе јадеш леб, додека не се вратиш во земјата, зашто од неа беше земен - прав си, и во прав ќе се вратиш“.*

„Зашто вие сте прав“. Човекот е прав. Тоа е сè што е тој. Тој е направен од правта. По смртта тој ќе се врати во неа. Тој има живот само затоа што Бог му го дава својот здив. Надежта за живот после смртта е можна само затоа што Бог има начин да ги спаси оние што умираат. Ние сме смртни суштества – тоа е непријатен факт со кој сите треба да се соочиме. Но, Бог има план за нас. А Божјиот начин на спасување може да важи само за оние кои се свртиле кон Него додека биле живи.

⟦Ова е пораката за надеж преку Исус која подетално ја објаснуваме во лекцијата „Планот на Бог за светот“. Ова е заклучокот од таа лекција:

Во Марко 16:16, Бог ветил: „Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.“

Во Матеј 16:27 Исус вели: „ Зашто Синот Човечки ќе дојде во славата на Својот Татко, со Своите ангели, и тогаш ќе му даде награда на секого според неговите дела.“

И конечно, времето кога светот е вратен на начинот каков што бил кога бил создаден од Бог, е нешто што ни е опишано од Исус во Откровение 21:3-4:

> *„ И чув силен глас од небото, велејќи: „Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив, и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и* ***<u>смрт нема да има веќе</u>****, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина.*

Бог не сака да го пропуштите тој голем ден! Затоа, размислете за тоа и верувајте во тоа, бидејќи овие работи ќе се случат - и тоа порано отколку што мислите.

И ако навистина верувате во тоа, тогаш треба да бидете потопени во спасоносното име на Исус и да се обидете да бидете личноста што Исус со задоволство ќе ја пречека во неговото царство кога тоа ќе дојде.⟧

Без таа надеж, човекот би бил исто како животните. Животните биле создадени од земја (Битие 1:12). Им бил даден здивот од Бог што им даде живот (Битие 1:30). И тие умираат на ист начин.

Проповедник 3:19-20 ни го кажува следново: *Зашто навистина, кобта на луѓето и ѕверовите е една и иста. Како гинат едните, така гинат и другите; и дишат со еднаков здив, и човекот со ништо не го надминува ѕверот, зашто сè е суета. И едните и другите заминуваат на исто место; сите станаа од прав и се враќаат во правот.“*

И човекот и животните се направени од прав. И живеат благодарение на здивот Божји. Кога ќе умрат, повторно се претвораат во прав. Човекот живее и умира како и животните.

Кога Бог би им го одзел својот здив на човекот или на животните, тогаш тие би умреле. Псалм 104:29 вели дека, кога Бог ќе им го одземе здивот, „*умираат и пак се враќаат во прав*“.

Постои уште еден термин што се користи за да се опише здивот Божји. Тоа е „духот Божји“. Ова го гледаме во Јов 33:4 каде здивот и духот се користат за истата работа: „*Па и мене Божјиот Дух ме создаде, здивот на Сèдржителот ме оживе*“. Истите термини се користат во Јов 34:14-15: *„Кога Тој би го повлекол Своето срце кон Себе, кога би го вратил сиот Свој Дух кон Себе, сите суштества би издивнале одеднаш и човекот би се претворил во прав.“*

Здивот е тој што го одржува човекот во живот. Ако Бог го одземе ова, тогаш човекот умира. Ова се потврдува во Проповедник 12:7: „*и се врати правот во земјата како што дојде од неа; а духот се врати при Бога, Кој го даде*“.
Духот бил Божјиот дух. На крајот од животот на човекот, Бог повторно си го зема својот дух. Човекот се претвора во прав.

Да го резимираме процесот на животот и смртта:

- Бог го создал човекот од прав. Но, тој не бил жив сè додека Бог не го вдахнал во човекот здивот на животот.

- Човекот живее затоа што Бог му дава здив на човекот за да живее.

- Кога човекот умира, здивот го напушта и се враќа кај Бога. Потоа мртвото тело се претвора во прав.

Многу делови од Библијата го опишуваат животот на човекот како краткотрајно нешто. Тој е како магла што надоаѓа и си заминува. Тој е како тревата која расте, а потоа венее. Тој е како сенка што се намалува и потоа исчезнува, облак што е тука во еден момент, а во следниот веќе си минува, ветре што доаѓа и си заминува. Човекот нема континуирано постоење. Тој е само привремен актер на сцената на животот.

Библијата е јасна дека, кога човекот е мртов, тоа е крајот. Ниту еден дел од човекот не ја преживува смртта. Смртта е крајот на постоењето на човекот. Тој не продолжува да живее по смртта.

Да го видиме Проповедник 9:4-6:

*„Зашто оној кој е меѓу живите, има надеж: и живиот пес повеќе вреди отколку мртов лав. Живите барем знаат дека ќе умрат, а мртвите не знаат ништо, ниту имаат веќе награда, зашто се заборава и споменот за нив. Одамна ги снема: нивната љубов и нивната омраза и зависта, и веќе немаат учество во нешто што станува под сонцето“.*

Мртвите „не знаат ништо“! Тие не сакаат. Тие не уживаат. Нив им се прекинати сите животни функции. Тие се мртви. Стихот 10 од истото поглавје им дава неколку совети на живите:

*„Што и да имаш намера да правиш, направи го додека можеш, зашто нема ни дела, ни умување, ни сознавање, ни мудрост во Подземјето во кое одиш“.*

Не можете да направите ништо кога сте мртви. Затоа извлечете го максимумот од вашиот живот сега.

Мртвите не можат ни да го фалат Бога. Исаија 38:18 вели: *„Зашто Подземјето не Те слави, смртта не Те фали; оние кои ќе паднат во ровот, не се надеваат повеќе во Твојата верност“.*

Во Псалм 115:17 пишува: „*Не, мртвите не Го фалат Господа, никој од оние, што слегоа во тишина*“.

Мртвите не го фалат Бога во облаците, како што мислат некои. Тие се мртви.
Само живите можат да го фалат Бога. Мртвите молчат. Но, конечниот исход за верниците е прекрасен!

Судбината на сите што живеат сега е смрт. Не е важно дали некој е добар или лош. Сите ќе завршиме на исто место. Во Проповедник 9:2-3 е кажано: *„Кобта е иста за сите: за праведниот како и за*

*нечесниот, за чистиот и за нечистиот; за оној кој жртвува како и за оној што не жртвува; еднаква за добриот и за грешниот; за оној што се заколнува како и за оној што се бои од заклетва. Најлошто од сè што се збиднува под сонцето е следното: кобта е иста за сите, човечкото срце е полно со зло, лудоста е во срцата на луѓето додека живеат, а потоа им се придружуваат на мртвите".*

Цар Давид ја разбрал оваа заедничка судбина. Кога бил блиску до умирање, рекол: „*Сега поаѓам на патот на сите смртници*". (1 Цареви 2:2)

Сето ова учење води до очигледното прашање: Дали смртта е крајот? Дали навистина нема ништо друго? Како може да се одржат Божјите ветувања дадени на верните луѓе како Давид и Авраам? Што е со следбениците на Исус?

За оние кои веруваат во Бога, постои надеж за воскресение. Прифаќањето на Христовиот суд води до вечен живот во Божјето Царство и до сите поврзани благослови - се сеќавате на тоа ветување во Откровението поглавје 21? „Смрт повеќе нема да има, нема да има веќе тага, ниту плач, ниту болка". Библијата посветува многу повеќе време за доловување на слики за тоа кои се благословите на таа вечност отколку за објаснување на смртноста на човекот. Но, ние мораме да ги согледаме работите на правилен начин за да го започнеме нашето патување со верата.

Уште едно тешко прашање за некои луѓе е учењето кое се однесува на бесмртната душа. Тука не станува збор за учење од Библијата туку за лажно учење кое е измешано во христијанството од световните филозофии од страна на оние на кои не им се допадна помислата дека смртта е крајот. Значи, прашањата како што се „Дали одиме во рајот по смртта?" и „Дали пеколот е место во кое има мачење?" произлегуваат од забуната која е предизвикана од лажните идеи за тоа што се случува со свеста по смртта.

Библијата нè учи дека со сигурност можеме да имаме вечен живот; односно можеме да имаме живот таму каде што не умираме. Во Римјани 6:23 се вели: „*Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ*". Значи, вечниот живот е дар од Бога. Тоа е дадено преку делото на Исус.

Евангелието по Јован ни кажува дека Бог му дал на Исус овластување да им даде вечен живот на другите: „*Како што си му дал власт над секое тело, па да му даде на сè - што си Му дал - вечен живот*" (Јован 17:2).

Исус може да даде вечен живот. Но, нема секој да го има. Во Римјаните 2:7-8 е кажано: „*на оние, кои со трпение прават добро и бараат слава, чест и непропадливост - вечен живот; а на оние, кои се противаат и не и се покоруваат на вистината, а се покоруваат на неправдата - гнев и јарост*".

Вечниот живот е за оние кои прават добро. На злосторниците нема да им биде даден вечен живот. Тој не сака луѓето што прават зло засекогаш да прават зло. Но, навидум добрите луѓе кои *ја отфрлаат вистината* исто така се исклучени. Повторно да кажеме: Вечниот живот е дар од Бога. Тоа е дадено преку делото на Исус. Мора да веруваме во тоа за да ја имаме оваа прекрасна надеж.

За оние луѓе кои ќе воскреснат, смртта е како сон. Тоа е привремен период на несвест, како што е спиењето. Пример за ова е Даниел 12:2: *„Тогаш ќе се разбудат мнозина кои спиеја во земниот прав; едни за вечен живот а други за срам и вечен презир".*

Само оние кои живеат на начинот на кој Бог сака ќе добијат вечен живот. Ова треба да нè натера многу внимателно да размислиме за тоа како го живееме нашиот живот.

Многу од нашите цитати се преземени од Проповедник, кој става акцент на судбината на човекот. Еве уште еден цитат, од крајот на оваа книга. Проповедник 12:13-14: „*Да го чуеме завршниот збор за сè: „Бој се од Бога, исполнувај ги Неговите заповеди, зашто во тоа е сè за човекот. Зашто сите скриени дела, било добри или зли, Бог ќе ги изведе на суд*".

Овој суд е опишан (од страна на апостол Павле) во Дела Апостолски 17:31 онака како што е извршен, во праведност, од Исус кога ќе се врати на земјата - на ден кој е гарантиран од Бог со воскреснувањето на Исус од мртвите. Да, живот после смртта!